Бр. 31-1760/5
08-05-2026 год.

ДРУШТВО ЗА ТРГОВИЈА И УСЛУГИ ДОО ДИГИПС
Бр. 03-151/1
08.05.2026 год.
ДЕБАР

Врз основа на член 39 став (11) од Законот за минерални суровини (*) („Службен весник на Република Македонија" бр.136/12, 25/13, 93/13, 44/14, 160/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16, 120/16, 189/16, 7/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.99/22, 129/23, 253/23, 147/24, 49/25 и 96/26), Одлука за продолжување на концесијата за експлоатација на минерална суровина – гипс на Друштвото за трговија и услуги ДИГИПС ДОО Дебар на локалитетот „с.Долно Косоврасти", општина Дебар бр.57-1875/5 од 05 мај 2026 година („Службен весник на Република Северна Македонија бр.97/26) и членот 24 од Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина – гипс на локалитетот „с.Долно Косоврасти", општина Дебар бр.24-7370/1 од 05.12.2013 година

1. ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
   застапувана од Министерот за енергетика, рударство и минерални суровини Сања Божиновска
   (во натамошниот текст: концедент)
   и
2. Друштвото за трговија и услуги ДИГИПС ДОО Дебар
   со адреса: Ул.Ленинова бр.29 Дебар, Република Северна Македонија
   застапувано од лицето Ваљон Аџиреџа
   (во натамошниот текст: концесионер)

на ден __________ 2026 година во Скопје, склучија:

АНЕКС

НА ДОГОВОРОТ ЗА КОНЦЕСИЈА ЗА ЕКСПЛОАТАЦИЈА НА МИНЕРАЛНА СУРОВИНА – ГИПС НА ЛОКАЛИТЕТОТ „С.ДОЛНО КОСОВРАСТИ", ОПШТИНА ДЕБАР

Член 1

Во Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина – гипс на локалитетот „с.Долно Косоврасти", општина Дебар бр.24-7370/1 од 05.12.2013 година, членот 3 се менува и гласи:

„Член 3"

Рок на важење на концесијата

Концесијата од член 1 на овој договор се продолжува за период од 20 (дваесет) години."

Член 2

Како почеток на важење на продолжувањето на концесијата од членот 1 од овој анекс на Договор се смета денот на потпишувањето на овој анекс на Договор.

Член 3

Овој анекс на договор е составен во (7) седум еднообразни примероци, од кои по 4 (четири) примероци за Концедентот и по 3 (три) примероци за Концесионерот.

Член 4

Овој анекс на договор влегува во сила со денот на неговото потпишување и е составен дел на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина – гипс на локалитетот „с.Долно Косоврасти", општина Дебар бр.24-7370/1 од 05.12.2013 година.

Член 5

Сите останати одредби од Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина – гипс на локалитетот „с.Долно Косоврасти", општина Дебар бр.24-7370/1 од 05.12.2013 година, остануваат во сила непроменети.

За Концедентот
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА
СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕР ЗА ЕНЕРГЕТИКА,
РУДАРСТВО И МИНЕРАЛНИ
СУРОВИНИ
Сања Божиновска

За Концесионер
ДРУШТВО ЗА ТРГОВИЈА,
И УСЛУГИ
ДИГИПС ДОО ДЕБАР

Ваљон Ациреџа

Изработил: Neim Qamili
Контролирал: m-r Jeton Kuçi
Согласен: Филип Петровски
Проверил номотехнички: Елена Неткова Ивковска
Маја Ивановска Тофиловска
Одобрил: Горан Јовановски

# Топографска карта на концесиски простор

1:25000

**Локалитет:** с.Долно Косоврасти - Дебар

**Минерална суровина:** Гипс

**Површина = 0.219747 км2**




| T | Y | X |
|---|---|---|
| 1 | 7466690 | 4599805 |
| 2 | 7466707 | 4599533 |
| 3 | 7466289 | 4599000 |
| 4 | 7466000 | 4599206 |
| 5 | 7466240 | 4599364 |
| 6 | 7466415 | 4599616 |